РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЕЛС МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бб – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр. 04 - 1856/15
03. 12. 2020

Врз основа на член 17, член 23 став (1) и став (5) и член 25 став (1) од Законот за работни односи-Пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 167/2015), член 50 став 1 алинеја 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 11 од Законот за пожарникарство-Пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“бр.168/2017), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица донесе

**ОДЛУКА**
**За избор на кандидати по јавен оглас за вработување на Пожарникари - Спасители**
**во ТППЕ - Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица**

1. Со оваа Одлука, а согласно предложената ранг листа на кандидати за избор на два (2) извршители по Јавен оглас за вработување бр.2/2020 за работно место Пожарникар-Спасител во ТППЕ – Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица со архивски број 04-1856/1 од 19.11.2020 година, се избираат:

- **АЛЕКСАНДАР ПОСТОЛОВСКИ** од Македонска Каменица со адреса на живеење на ул.„14 – ти Јуни“ бр.6 во Македонска Каменица, за работно место Пожарникар Спасител во ТППЕ – Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица со звање Пожарникар - Спасител, ниво В4 и шифра на работното место ПОЖ 0210В04000 и
- **ЈОЦО НИКОЛОВСКИ** од Македонска Каменица со адреса на живеење на ул.„Рударска “ бр.1-1/2 во Македонска Каменица, за работно место Пожарникар Спасител во ТППЕ – Македонска Каменица, Општина Македонска Каменица со звање Пожарникар - Спасител, ниво В4 и шифра на работното место ПОЖ 0210В04000

2. Избраните кандидати имаат обврска во рок од една година од денот на вработувањето, да се стекнат со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука на РСМ, во спротивно му претстанува вработувањето.

3. Со именуваните ќе се заснова работен однос по конечноста на ова Одлука.

***Образложение***

Општина Македонска Каменица на ден 20.11,2020 година , во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха, објави Јавен оглас бр.2/2020 со архивски број 04-1856/1 од 19.11.2020 година за пополнување на работното место Пожарникар-Спасител во ТППЕ – Македонска Каменица, два (2) извршители.

Со Решение 04-1856/5 од 20.11.2020 година, од страна на Градоначалникот е формирана Комисија за селекција за Јавен оглас бр.04-1856/1 од 19.11.2020 година.

По спроведената постапка за административна селекција, Комисијата утврди со Записник со архивски број 04-1856/10 од 27.11.2020 година дека кандидатите ги исполнуваат условите, и понатамошната фаза на постапката на кандидатите се продолжува.

Комисијата за селекција, спроведе постапка за интервју , утврди Записник со архивски број 04-1856/13 од 30.11.2020 година и изготви Конечна ранг на кандидати со предлог за вработување со архивски број 04-1856/14 од 30.11.2020 година и ја достави до Градоначалникот на Општина Македонска Каменица со избраните кандидати Александар Постоловски и Јоцо Николовски.

Избраните кандидати имаат обврска во рок од една година од денот на вработувањето, да се стекнат со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука на РСМ, во спротивно ќе им претстане вработувањето

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА :**

Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката до Државната Комисија за одлучување во управната постапка и постапката од работен однос во втор степен.

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**
**Градоначалник**
**Соња Стаменкова**

Доставено до :
-Архива;
-Александар Постоловски;
-Јоцо Николовски;
-Одделение за УЧР ;

Изготвила:
Весна Дончевска